# ДУХОВНИОТ ЖИВОТ

Шри Чинмој

Наслов на оригиналот:
“The Spiritual Life” by Sri Chinmoy
Copyright © 2001 by Sri Chinmoy

Сите права за ова издание се заштитени. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот.

Издавач: Шри Чинмој Центар – Скопје
Наслов: „Духовниот живот“
Автор: Шри Чинмој

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

239.6-584
239.6Шри Чинмој

ЧИНМОЈ, Шри
Духовниот живот / Шри Чинмој ; - Скопје : Шри Чинмој центар, 2019. - 93, [12] стр. : слика на авторот ; 21 см

Превод на делото: The Spiritual Life / by Sri Chinmoy. - За авторот: стр. [95-97]

ISBN 978-608-4894-06-3

а) Духовен живот - Шри Чинмој (1931-2007)
COBISS.MK-ID 111587850

## СОДРЖИНА

Духовност ........................................................ 17
Свест ............................................................... 22
Бог Севишниот ................................................. 27
Ум, срце и душа ................................................ 31
Духовно тежнение ............................................ 45
Духовен пат ...................................................... 51
Духовниот Учител ............................................. 60
Медитација ....................................................... 68
Мир ................................................................... 75
Убавина ............................................................ 80
Радост ............................................................... 83
Смрт и реинкарнација ...................................... 86

## ЉУБЕЗНИ ЗБОРОВИ

„Толку сум задоволна со целата добра работа што ја правите за мир во светот и за луѓето во толку многу земји. Да продолжиме да работиме заедно и да споделуваме заедно сѐ за Славата Божја и за доброто на луѓето.“

***- Мајка Тереза***
*Добитничка на Нобелова награда за мир*

„Вашето срце што сака и Вашата длабока мудрост се предмет на мојата бескрајна почит.“

***- Михаил Горбачов***
*Претседател на СССР (1985-1991), добитник на Нобелова награда за мир (1990)*

„Почестени сме да Ве примиме во нашата земја. Дојдовте кај нас како амбасадор на мир. Вашиот придонес е најзначаен... Толку сум Ви благодарен што ја споделивте Вашата филозофија со мене.“ (22-ри декември 1994-тата година)

***- Х. Х. Биренда Бир Бикрам Шах Дев***
*Крал на Непал (1972-2001)*

„Го поздравувам Шри Чинмој за неговите поддржувачки напори во мобилизирањето

на мислењето насекаде низ светот за благородното верување во мирот и хармонијата.“ (18-ти ноември 1999-тата година)

***- Атал Бихари Ваџпаи***
*Премиер на Индија (1996-1998)*

„Тоа што го правите е во интерес на целото човештво и на светот.“

***- Нелсон Мандела***
*Претседател на Јужна Африка (1994-1999), добитник на Нобелова награда за мир (1994)*

„И Вие се стремите да го олесноте непотребното страдање и навистина помогнавте на многу, многу луѓе.“ (21-ви јули 1997-мата година)

***- Принцезата Дијана***
*Принцеза на Велс (1981-1997)*

„Многу сум Ви благодарен што ме просветливте и охрабривте во вечерта на мојот живот. Многу е ретко духовна личност како Вас да дојде да ме посети.“ (1981-1997)

***- Имон де Валера***
*Претседател на Ирска (1960-1974), „Татко на нацијата“*

„Ве молам почувствувајте ја мојата искре-

на почит и искрена грижа за тоа што го правите за човештвото.“ (29-ти февруари 1972-рата година)

***- У Тант***
*Трет генерален секретар на ОН*

„Шри Чинмој нè потсетува на моќната сила на едноставноста на срцето и на нашиот капацитет да постигнеме големи нешта за повисока цел.“ (21-ви април 1989-тата година)

***- Џејмс П. Грант***
*Извршен директор на УНИЦЕФ (1980-1995)*

„Шри Чинмој е еден од тие ретки поединци кој не само што верува во можноста за глобален мир, туку всушност и работи за да ја постигне оваа цел. Името на Шри Чинмој всушност стана синоним за универзална хармонија, глобално разбирање и светски мир.“ (17-ти ноември 1995-тата година)

***- Сидарта Шанкар Реј***
*Амбасадор на Индија во САД (1992-1996)*

„Секогаш сум го чувал Шри Чинмој во срцето и душата, и често зборував за него на моите состаноци бидејќи е многу специјално, ретко нешто да се најде вистински претставник

на духовноста во денешно време. Ова е тоа што го чувствуваме во присуството на Шри Чинмој – автентичност.“ (5-ти април 1991-вата година)

***- Пир Вилајат Инајат-Кан***
*Глава на Суфи редот на Запад*

„Шри Чинмој е духовен водач чија светлина и работа за светски мир ги осветлува многуте напорни патишта до Севишниот. Тие што трагаат по Бог и што го знаат Шри Чинмој ќе го најдат својот пат како полесно патување поради учењето на Шри Чинмој и неговата љубов за човештвото.“ (11-ти април 2000-тата година)

***- Д-р Расел  Барбер***
*Уредник на „Религија и етика“, НБЦ-ТВ Нова Година (1973-1990)*

„Почитуван Шри Чинмој, прекрасно нешто е што имате инспирирано толку многу луѓе со компонирањето на илјадници прекрасни песни.“ (26-ти јули 1995-тата година)

***- Устад Али Акбар Кан***
*Сарод маестро*

„Шри Чинмој е чудесен модел за изобилството во креативниот живот и само можам да се надевам да учествувам во таа космичка фон-

тана на смиреност и длабока енергија што тој ја поседува.“ (31-ви октомври 1977-мата година)

***- Леонард Бернштајн***
*Музички директор во Њујоршката филхармонија (1958-1970)*

„Божествена! Божествена! Музиката на Шри Чинмој е божествена. Таква возвишена музика може да биде компонирана само кога некој е благословен со блажената визија на Бог.“ (20-ти јануари 2001-вата година)

***- Пандит Ума Шанкар Мишра***
*Ситар маестро*

„Големата продуктивност на овој човек ни илустрира сѐ што еден маж или жена посветен на животот на духот ќе донесе на површина, подароци на убавина и искупување во бројни жанрови и полиња на уметничките подвизи. Како Ганди, како Мајка Тереза, како Мартин Лутер Кинг, Џеј Ар, присуството и работата на Шри Чинмој меѓу нас ги збогати нашите животи.“ (4-ти ноември 1995-тата година)

***- Чарлс Џонсон***
*Добитник на национална книжевна награда, професор по англиски јазик на Универзитетот во Вашингтон*

„Шри Чинмој е човек на мирот, човек на верата и Божји човек. Има толку многу направено во изминатите 25 години за да направи подобар свет за сите нас. Светот има голема потреба од повеќе луѓе за мир и љубов како Шри Чинмој. Шри Чинмој прави толку многу за светот, за луѓето од сите вери, поради неговиот сопствен мир и верба.“ (20-ти април 1989-тата година)

***- Мухамед Али***

*Трикратен светски шампион во бокс во тешка категорија*

„Шри Чинмој, Вие сте инспирација за сите нас.“

***- Карл Луис***

*Деветкратен освојувач на златен Олимписки медал*

## ПРЕДГОВОР

Гласот на Тишината не треба и нема да ни го даде секогаш истото нешто.

Како што се развиваме, ни дава подобра, повисока и поисполнувачка светлина.

Секое човечко суштество си има сопствен Бог. Слобода, апсолутна слобода, мора да ѝ биде дадена на секоја поединечна душа за да го открие својот сопствен пат.

Треба да направиме две нешта - треба да го изучуваме животот најпосветено и да го живееме животот најбожествено. Целта на животот е да се реализира Бог. Реализацијата никогаш нема да дојде кај поединец кој е неактивен. Треба да се стремиме кон Реализацијата. Треба да ја платиме цената за тоа. Нема друга опција.

Нашиот живот има две реалности - егзотерична и езотерична. Егзотеричната реалност се занимава со надворешниот живот. Надворешната реалност се обидува да се исполни себе со хранење на желбите и стимулирање на страстите. Езотеричната, или внатрешна реалност, наоѓа исполнување во контрола на страстите и освојување на желбите, во плива-

ње во пространото море на Ослободувањето.

Има два животи - внатрешен и надворешен.Надворешниот живот зборува за своите принципи и потоа се обидува да дејствува. Внатрешниот живот не зборува. Дејствува. Неговото спонтано дело е свесна манифестација на Бог.

Светот е тажен. Ние сме одговорни за тоа. Нашите чувства на себеинтерес и себеважност се целосно одговорни за тоа. Поединечната свест мора да се проширува. На човекот му треба инспирација. На човекот му треба дејствување. На духовноста ѝ треба човекот. Духовноста го има внатрешното око што ја поврзува секоја состојба на животот со внатрешната сигурност.

Да го прифатиме внатрешниот живот, духовниот живот. Духовниот живот не е кревет од рози; ниту кревет од трње. Тој е кревет од реалност и неизбежност.

Духовен човек е оној кој ги слуша диктатите на неговата душа и кој стравот не може да го измачува. Мислењата на светот се преслаби за да го измачуваат неговиот ум и срце. Оваа вистина тој ја знае, чувствува и олицетворува.

Шри Чинмој

## ДУХОВНОСТ

*Исполнетоста на животот*
*лежи во сонувањето и манифестирањето*
*на невозможните соништа.*

На почетокот е исклучително лесно за нас да мислиме на Бог како на Творецот, а не како на творбата, затоа што кога ќе погледнеме наоколу гледаме дека Божјата творба е полна со несовршенство.

Во зората на неговото духовно будење, детето ја прашува неговата мајка: „Каде е Бог?“ Мајката веднаш одговара: „Бог е во Рајот.“ Тогаш детето прашува: „Каде е Рајот?“ Непосредниот одговор на мајката е: „Рајот е горе на небото.“ Детето е задоволно; чувствува дека одговорот на неговата мајка е доста соодветен. Потоа кога детето ќе порасне и го прашува неговиот учител

истото прашање: „Каде е Бог?“, учителот може да каже дека Бог е на Небото или дека Бог е во сопственото срце на детето. Години подоцна, кога детето ќе влезе во раните зрели години, може да сака да оди длабоко внатре и да види самото за себе каде е Бог. Тогаш на крајот ќе слушне за духовни учители кои го реализирале Бог. Оди кај духовен учител и прашува за автентичноста на Бог. Кога е убеден дека Бог постои, неговото непосредно прашање е: „Каде е Бог?“ Духовниот учител ќе му каже дека Бог е насекаде и во сè. Но се додека трагачот самиот не го реализира Бог, ова ќе биде само ментално знаење. Мора да оди длабоко внатре за да ги почувствува овие вистини.

Бог е во „да“ на срцето и Бог е во „не“ на устата. Кога срцето кажува „да“, Бог постои внатре во тоа „да“. Бог е видлив; Тој е навистина таму. Но кога се обидуваме да зборуваме за Бог, многу често сме предмет на сомнеж, а нашите сопствени внатрешни чувства се збунети. Устата кажува: „Не, не Бог.“, но Бог постои дури и во устата што го негира. Сепак, само во срцето можеме да ја почувствуваме, да ја видиме и да растеме во највисоката Божественост.

Има два вида на луѓе на земјата - духовни луѓе и недуховни луѓе. Духовните луѓе се често обвинети од тие кои се недуховни дека се абнормални. Тие наводно сакаат да живеат во облаците и да јадат од месечевата светлина. Немаат чувство за реалноста. Само се залажуваат себе. Ова е обвинувањето што е често фрлено врз нив. Духовните луѓе за возврат кажуваат дека се апсолутно нормални, додека недуховните луѓе се абнормални.

Извадок од „Духовниот живот“
www.knigi.mk